Сојуз за младинска работа
Ул. Караџица бр.6, Скопје
Smr.sojuz@gmail.com

# Наративен извештај за активностите на Сојуз за младинска работа 2019

## 1. Образовни можности за младински работници

Со поддршка од Агенција за млади и спорт, во април 2019та година Сојуз за младинска работа започна со спроведување на проектот "Образовни можности за младински работници". Главна цел на проектот беше обезбедување на можности за квалитетен развој на младинската работа во Македонија, преку создавање на можности за неформално образование на работници со млади, согласно стандардот на занимање Работник со млади од 2017 година, а имајќи ја предвид разновидноста на младинската работа посочена во Препораките за младинска работа на Совет на Европа, усвоени од страна на Советот на министри на 31 мај 2017.

Со реализација на овој проект беше овозможена верификација на првата неформално-образовна програма за образование на возрасни за занимање: Работник со млади, согласно стандардот на занимање Работник со млади од 2017 година. ЈУ Центар за образование на возрасните - Скопје во 2019та година донесе одлука за верификација на програмата поднесена од страна на Сојуз за младинска работа.

Во рамки на овој проект беа развиени и едукативни ресурси неопходни за спроведување на програмата, а континуирано се работеше и на информирање на јавноста за значењето на акредитирање на програми за работа со млади во однос на осигурување на квалитетна работа со млади, преку различни медиумски активности.

Другите активности од проектот - верификација на Сојуз за младинска работа како установа спроведувач на образование на возрасни и пилотирање на првата верификувана обука со 15 работници со млади ќе бидат спроведени во 2020та година.

Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Агенција за млади и спорт во висина од 265.000 денари.

## 2. Создавање младински работници - формално образование (Creating Youth Workers - The Formal Education Edition)

Со поддршка на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност, во 2019та година Сојуз за младинска работа започна со спроведување на проектот "Создавање младински работници - формално образование" во рамки на Клучна акција 2 - Стратешки партнерства во областа млади. Проектот се спроведува во партнерство со организациите People and Work Unit од Велика Британија и Beyond 96 Youth Club од Ирска, и Универзитетот од Талин, Естонија (University of Tallinn). Како придружни партнери во проектот се вклучени: Универзитетот на Јужен Велс (South Wales University) од Велика Британија, Универзитетот Мејнут (Maynooth University) и Филозофскиот факултет при Универзитетот св. Кирил и Методиј од Скопје.

Сојуз за младинска работа
Ул. Караџица бр.6, Скопје
Smr.sojuz@gmail.com

Главна цел на проектот е да се подобри пристапот на младите луѓе на квалитетна младинска работа и да се придонесе кон поголемо разбирање на професионализацијата и развојот на квалитет во младинската работа во Европа, преку изготвување на нов пристап за развој на кохерентни и флексибилни едукативни програми за младински работници, засновани на потребните компетенции и земајќи ги во предвид постоечките практики, новите трендови и разноврсноста на младинската работа. Во рамки на овој проект се споредуваат формалните и неформалните пристапи и програми во полето на младинската работа во Велс, Исрка, Естонија и Северна Македонија, и се идентификуваат клучни фактори што треба да бидат земени во предвид при развој на нови програми.

Како резултат од проектот, ќе бидат објавени два финални продукти:

- Компендиум на образовни можности за младински работници во Велс, Исрка, Естонија и Северна Македонија и
- Насоки за иновативен меѓусекторски пристап во развојот на формални образовни можности засновани на неопходните компетенции на младински работници.

Активностите на проектот вклучуваат координативни состаноци, студиска посета на Универзитетот во Талин, како и завршни настани за промоција на резултатите.

Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност во висина од 57.497 евра.

### 3. Едукативни електронски ресурси за разноврсност (DEEP - Diversity Educational E-Resource Project)

Со поддршка на Регионалната младинска канцеларија за соработка (РИКО - RYCO), Сојуз за младинска работа започна со спроведување на проект за развој на едукативни електронски ресурси за разноврсност. Проектот се спроведува во партнерство со организацијата Балкан Идеа од Србија.

Со проектот на младинските работници им се овозможува пристап до модерни и креативни ресурси што ќе го поддржат развојот на нивните капацитети за користење на различни, иновативни и креативни форми и алатки за вклучување на младите во процеси на меѓукултурно учење. Со тоа ќе се зајакнат компетенциите на младинските работници и ќе се подобри регионалната соработка меѓу младинските работници, а ќе се подобрат и квалитетот и влијанието на идните проекти во полето на меѓукултурно учење со млади во регионот. Како резултат од проектот ќе бидат објавени два финални продукти:

- електронски (онлајн) курс за младински работници за користење на разновидни и разноврсни форми, пристапи и алатки за вклучување на младите луѓе од Западен Балкан во меѓукултурно учење
- игра која може да се користи со млади луѓе на тема меѓукултурно учење

Во рамки на проектот предвидено е пилотирање на двата продукти со целните групи - младински работници и млади луѓе од Северна Македонија и Србија. Двата продукти ќе бидат објавени на три јазици: македонски, српски и албански. Продуктите ќе бидат јавно

Сојуз за младинска работа
Ул. Караџица бр.6, Скопје
Smr.sojuz@gmail.com

презентирани на младински организации, младински работници и други заинтересирани чинители на два јавни настани.

Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Регионалната младинска канцеларија за соработка во висина на 14.340 евра.

## 4. Активности поврзани со препознавање и признавање на младинската работа во Република Северна Македонија

Во текот на 2019та година, Сојуз за младинска работа беше активно вклучен во процесот на подготовка на Законот за младинско учество и младински политики. Во соработка со Националниот младински совет на Македонија, СМР континуирано доставуваше предлози за деловите од законот што се однесуваа на младинската работа, но споделуваше препораки и во однос на другите делови од Законот. Како резултат на овие активности, усвоената верзија на законот за прв пат дефинира младинска работа, младински работник и младински центри.

По иницијатива на пратеници од Собранието на Република Северна Македонија, СМР изготви предлог за Закон за младинска работа. Во процесот на подготовка на предлог текстот беа консултирани организациите членки на СМР. Преку Собранието предлогот беше доставен на разгледување до засегнатите државни институции. Поради распишувањето на предвремени избори, процесот беше стопиран и ќе биде продолжен со новиот парламентарен состав.

## 5. Активности поврзани со отворање на младински центри

По иницијатива од Агенција за млади и спорт, Сојуз за младинска работа се вклучи во процесот на отворање младински центри во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Во соработка помеѓу АМС, единиците на локална самоуправа во Битола, Велес, Кавадарци и Куманово, СМР и локалните младински организации и организации за млади, беше отпочнат процесот за отворање на четири младински центри во овие општини. Со цел спроведување на квалитетни услуги на младинска работа во овие центри, СМР во соработка со организациите членки, НМСМ и Коалиција СЕГА изготви Стандарди за квалитет на младинските центри, што беа усвоени од страна на Агенција за млади и спорт.

## 6. Други партнерски проекти

Во текот на 2019та година, Сојуз за младинска работа се вклучи како партнер во проекти што беа пријавени за финансирање од страна на други организации. Дел од овие проекти беа одобрени за финансирање и ќе бидат спроведени во текот на 2020та година:

Play it forward - Проект во рамки на Клучна акција 1 од Програмата Еразмус+, поддржан од Националната агенција за Еразмус+ на Литванија.

Сојуз за младинска работа
Ул. Караџица бр.6, Скопје
Smr.sojuz@gmail.com

Transformers - Проект во рамки на Клучна акција 2 од Програмата Еразмус+ за градење на капацитети (capacity building), поддржан од Извршната агенција на Европската Комисија.

Претседател, 01.04.2020, Скопје

Илија Станковски